**З А П И С Н И К**
**од 53-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 23.09.2025 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11.00 часот.
Во работата на советот учествуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Даниела Давидевска, Аце Јанкуловски, Филип Ангелевски, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска, Сашо Михајловски, Сандра Пејковска и Јасмина Јовановска, кои беа присутни во салата.
Од општинската администрација присутна беше Александра Трајковска. На седницата присутни беа Командирор на ПС ОН Демир Хисар Никола Јошевски и вд директорката на СОУ ,,Крсте П.Мисирков" Демир Хисар Јасмина Дамчевска.
Записникот го водеше Александра Трајковска.
-Усвојување на записник од 52-ра седница на Совет на Општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за", против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на шест месечен извештај за работата на ПС ОН Демир Хисар во период од 01.01.2025 до 01.07.2025 година.
2. Донесување на Одлука за делегирање на надлежност за зимско одржување на општински патишта и улици за сезона 2025/2026 година.
3. Усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ ,,Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
4. Усвојување на Годишна програма за работа на СОУ ,,Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2025/2026 година.
5. Давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ ,,Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2025/2026 година.
6. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, предложениот Дневен ред го стави на расправа, поради тоа што имаше предлог на вд директорката на СОУ ,,Крсте П.Мисирков" Демир Хисар Дневниот ред да се дополни со три точки и тоа точка 3. Усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ ,,Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2024/2025 година, точка 4. Усвојување на Годишна програма за работа на СОУ ,,Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2025/2026 година и точка 5. Давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ ,,Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2025/2026 година. Со 11 „за" беше усвоен дневниот ред дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Усвојување на шест месечен извештај за работата на ПС ОН Демир Хисар во период од 01.01.2025 до 01.07.2025 година.***
Во врска со извештајот објаснување имаше командирор на ПС ОН Демир Хисар Никола Јошевски. Откако командирот заврши со своето излагање, Претседателот на Совет изрази благодарност до командирот и ПС ОН Демир Хисар за досегашната соработка и кажа дека како совет се задоволни од работата на командирот и полициската станица. Советникот Сашо Михајловски го праша командирот што е превземено и до каде е работата со тоа што имаше формирано комисија во која имаше и советници и се излезе на терен за да се одредат најкритичните места каде треба да се постави сообраќајна сигнализација за поголема безбедност во сообраќајот. Командирот се изјасни со тоа што

дека е излезено на терен и увидени се сите критични точки на територијата на општина Демир Хисар за кој треба да се превземат мерки но за тоа мора да се изготви сообраќаен план од страна на општината кој треба да се достави до МВР на РСМ и СВР Битола за изготвување и поставување на тие знаци и сопирачи на брзина на критичните места. Активно работиме на систем за видео надзор заедно со МВР на РСМ и СВР Битола се изјасни командирот за уште поголема безбедност во сообраќајот. Од наша страна се утврдени шест критични точки каде би се поставил видео надзорот. А исто така за оспорувачите на брзина е неопходно поставување на подрачјето на општината на местата каде што има потреба. Советничката Сандра Пејковска кажа дека во тек е асвалтирањето на улица Маршал Тито и крак од Велко Влахович и со разговор со градоначалникот со самото асвалтирање од самиот асвалт ќе се постават сопирачи на брзина. Советникот Сашо Михајловски продолжи дека тоа е неопходно ми може да се иведе со самото асвалтирање но напомна дека тоа требаше да се направи и кога се асвалтираше улица 11 Октомври. Командирот на ПС ОН предложи доколку има можност и е издржано ЈКП Комуналец во соработка со општината да изготви на критичните места асвалтни додатоци за оспорување на брзина со што би се решил проблемот на општинско ниво, но тоа е мое мислење и предлог а дали има можност и дали е изводливо тоа можи да го кажи само градоначалникот и дирекорот на ЈКП Комуналец. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 2. Донесување на Одлука за делегирање на надлежност за зимско одржување на општински патишта и улици за сезона 2025/2026 година.***

Претставник по оваа точка немаше присутен од оправдани причини. Во врска со Одлуката им објасни Александра Трајковска од општинската администрација. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена Одлуката.

***ТОЧКА 3. Усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ ,,Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.***

Во врска со извештајот објаснување имаше вд директорката на училиштето. Советничката Марина Димитријовска праша зошто материјалите по точките во однос на училиштето не беа доставени во законскиот рок како што доставија другите училишта, и дека поради тоа нашата советничка група по однос на овие три точки ќе биде воздржана. Директорката објасни дека од оправдани причини не можеше порано да се достави материјал и за тоа од наша страна добивте известување на 52-рата седница каде и беа наведени причините зошто материјалот за овие точчки ќе биде доставен после предвидениот законски рок. Претседателот на совет праша кој струки ги има во училиштето, директорката одговори шумарска струка, електротехника и општа гимназија. Дискусија повеќе немаше. Извештајот беше усвоен со 7 ,,за” и ,,3” воздржани, советникот Сашо Михајловски беше отсутен од салата во моментот на гласањето.

***ТОЧКА 4. Усвојување на Годишна програма за работа на СОУ ,,Крсте П. Мисирков” Демир Хисар за учебната 2025/2026 година.***

Во врска со програмата објаснување имаше вд директорката Јасмина Дамчевска. Претседателот на совет праша дали е можно во програмата по барање на наши сограѓани да се отворат уште две струки и тоа механичари и ракувачи на машини. Директорката објасни дека веќе е почната учебната година и нема можнст и услови за тоа, но за наредни години доколку има согласност од МОН и се створат услови би било добро и позитивно и за училиштето. Дискусија повеќе немаше. Програмата беше усвоена со 7 ,,за” и ,,4” воздржани.

***ТОЧКА 5. Давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ ,,Крсте П. Мисирков” Демир Хисар за учебната 2025/2026 година.***

Во врска со согласноста објаснување имаше вд директорката Јасмина Дамчевска. Дискусија немаше. Со 7 ,,за” и ,,4” воздржани беше дадена согласност за формирање на паралелки.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Претседателот на совет Љупчо Најдовски даде предлог за наредната седница да се сумирал извештај на сработеното во нивниот мандат и тоа што останало не реализирано во нивниот четиригодишен мандат да му биде приоритет во мандатот на идниот совет на Општина Демир Хисар.

Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-1026/2
08.10.2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.